Јануар / Февруар 2004

# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор

**ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија**

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**24 Јануар**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Состанок на Координативното тело на ЕЦМП НВО Мрежата**

Во просториите на Регионалната Канцеларија во Скопје се состана новото Координативно Тело. Состанокот започна со дискусиа за амандманите на Маморандумот за Соработка, усвоени на Генералното Собрание како и за улогата на Координативното Тело за исполнување на мисијата на Мрежата.



Се зборуваше и за утврдувањето на Акционен План на НВО Мрежата за 2004 година и финансиските ресурси, развојот на Комисиите на Координативното Тело и нивен избор, стандардизација на формите за аплицирање за пилот иницијативи, улогата на Советодавното тело на Мрежата и статусот на Регионалниот Центар Скопје.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**01Февруар**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Втора Рабиотилница на ЕЦМП Внатрешната мрежа за образование**



Втората дводневна работилница на ЕЦМП Подмрежата за образование "Прибирање на финансиски средства", се одржа во Хотел "Ривиера", Охрид во

организација на Група Феликс. Целта на работилницата беше практично да се покажат чекорите за прибирање на финансиски средства преку мобилизирање на НВОите.

Учесници на овај настан беа членките на Подмрежата за образование кои се специјализирани за имплементирање на образовни програми. Дел од работилницата беше и Тивката Аукција, организирана како специјален настан со цел да се престанат финансиски средства за Фондот за образовние на ромските деца.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**24 Февруар**

**ЕЦМП Регионална Канцеларија Скопје**

**Тренинг на Техничките Асистенти**

Во просториите на Регионалната Канцеларија во Скопје се одржа тренинг за Техничките Асистенти од сите ЕЦМП Регионални Центри.



Целта на тренингот беше уште еднаш да се разгледаат процедурите за Регионалните Центри и да се потенцира неопходноста од константниот проток на информации помеѓу Техничките Асистенти и Регионалната Канцеларија од една страна, и Техничките Асистенти и членките од друга. Се раговараше и за правата и обврските на Техничките Асистенти.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**Февруар 26**

**ЕЦМП НВО Мрежа**

**Трета Рабиотилница на ЕЦМП Внатрешната мрежа за образование**

Под мрежата за образование је одржа третата работилница во Хотелот "Ривиера" Охрид. Работилницата започна со дискусија и усвојување на Меморандумот за соработка на подмрежата за образование.



Еден дел од семинарот беше посветен на лобирањето и застапување при што се изготви план за лобирање и застапување со цел исполнување на нејзината мисија. Предлог иницијативата на национално ниво "Тетратка 2000" е следниот шекор на Подмрежата за образование.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**Јануар 30**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**

**Посета од претставници на Центарот за Психоцоциална и Кризна Акција**

Претставници на Центарот за Психоцоциална и Кризна Акција, НВО од Скопје, го посетија Регионалниот Центар

во Гостивар. Целта на посетата беше запознавање со активностите и тековните иницијативи на членките на НВО Мрежата. Посетителите беа посебно заинтересирани за активностите поврзани со млади и деца.

**E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk**

**6 Февруар**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**

**Развивање на Акционен План**

Дводневната работилница за развивање на Акционен План за ЕЦМП Регионалениот НВО Ресурсен Центар Битола се одржа во Хотел “Молика”. Почетха точка при развивањето беше разгледувањето на перформансите на Центарот во 2003 година како и препораките кои беа наведени во надворешната евалуацијанаправена од Г-дн. Марио Велковиќ.

**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**16 Февруар**

**ЕЦМП Регионална Канцеларија Скопје**

**Презентација на новиот ЕЦМП Програмски сет.**

Во просториите на Регионалната Канцеларија Скопје, Програмските менаџери одржаа состанок со членките на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Скопје. Целта на состанокот беше да се презентира и објасни новиот Програмски сет пред започнување на проектните циклуси во 2004 година.

Новиот Програмски сет опфаќа: Апликација за поднесување на предлог иницијативи, Упатство за поднесување на предлог иницијативи, Критериуми за



предлог иницијативи, Процес за развој на предлог иницијативи, Критериуми за предлог иницијативи на национално ниво, Критериуми за настани, Апликација за финансирање на настани, Упатство за пополнување на Буџет и Апликација за Буџет.

**E-mail:ecmiskopje@ecmingonet.org.mk**

**19 Февруар**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсни Центри**

**Презентација на новиот ЕЦМП Програмски сет**

Програм Менаџерите го презентираа новиот ЕЦМП Програмски сет во просториите на Регионалните Центри во Гостивар на 19ти, Куманово на 20ти, Битола на 23ти, Штип на 25ти и Теово на 26ти. Целта бесхе да се запознаат членките со програмскиот сет пред почетокот на Проектните Циклуси во 2004 година.

Новите формулари кои се презентираа се во согласност со модификациите на Проектните циклуси во 2004 и имаат за цел да ја поедностават процедурата и да го зголемат капацитетот на членките на Мрежата.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

## Вести од членките на Мрежата

**13 Февруар**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**

**Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција „Аурора„**

**Трибина "Време или невреме за Европа"**

Трибина на тема "Време или невреме за Европа" организирана од Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција „Аурора„ се одржа во Хотел "Битола".




Предавачи на Трибината беа Г-дн. Драган Тилев, државен советник во секторот за европски интеграции во Владата и Г-дн. Сашо Ордановски, главен и одговорен уредник на Форум. Фасцилитатор на трибината беше Иле Масалковски, извршен директор на Граѓанското здружение за демократија, мир и толеранција „Аурора„.

Се разговараше за Апликацијата на Република Македонија за членство во Европската Унија при што се изложија различни гледишта и тези за правецот во кој треба да се развиваме со цел да се доближиме до стандардите на ЕУ.

**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**17Февруар**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**

**Организација на ромските жени "ДАЈА"**

Трибина "Учество на жената во политичкиот и јавниот живот"

Трибини на тема "Учество на жената во политичкиот и јавниот живот" беа одржани во Пехчево, Делчево, Битола, Виница, Берово, Крива Паланка и Куманово.

Целта на овие трибини беше да се подигне свеста на жената Ромка за потребата од активно вклучување во политичкиот и јавниот живот. Улогата на предавањ ја имаше Феат Камберовски.

**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

**Февруар 28**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Скопје**

**Асоцијација на ромските жени во Македонија "ЕСМА"**

**"Можност да учиме во 21от век"**

Како дел од Програмата "Можност да учиме во 21от век" 70 жени Роми за прв пат учат да пишуваат и се запознаваат со основните Човекови Права. Проектот се имплементира од Асоцијација на ромските жени во Македонија "ЕСМА", членка на ЕЦМП НВО Мрежата, а е подржан од Институтот за трајни заедници.

Во програмата се вклучени жени кои се во старосната граница од 15 до 35 години и не биле вклучени во државниот образовен систем.



ПРОЕКТ НА „ЗДРУЖЕНИЕТО „ЕСМА“

# Се описменуваат жените Ромки

**Во проектот „Можност да учиме во 21 век“ се опфатени 70 жени на возраст од 15 до 35 години што од различни причини го прекинале школувањето или воопшто не се образувале**

Предавачите, три девојки од Асоцијација на ромските жени во Македонија "ЕСМА" кои претходно се обучени, ги посетуваат девојките во нивните домови и поминуваат онолку време колку што е потребно за да се совлада предвидениот матерјал. Еднаш во неделата учесниците во програмата посетуваат часови за Човекови Права во просториите на Здружението. Оние жени кои ќе дадат надобри резултати во текот на програмата ќе бидат подготвени за јулскиот приемн испит во основното вечерно училиште "АС Макаренко".

**E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk**

**Февруар 28**

**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**

**Хуманитарна Организација "УНИТЕТИ"**

**"Здравствена едукација на старители на лица со посебни потреби"**

Заврши тримесечниот проект "Здравствена едукација на старители на лица со посебни потреби" кој беше спроведен од Хуманитарната Организација "УНИТЕТИ". Проектот беше подржан од ЕЦМП преку Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар. Дваесет и девет старители на лица со



посебни потреби беа вклучени во овај проект кој опфати 10 семинари кои обработуваја теми од областа на медицината и правото. Во реализација на темите на семинарите беа вклучени доктори по општа медицина, медицински сестри, наставници, психолози, педагози, социални работници, правници.

**E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk**

## Линкови

**Европска Асоцијација за координација на запознавањето на потрошувачите со стандардизацијата**

АНЕЦ стои зад "Европска Асоцијација за координација на запознавањето на потрошувачите со стандардизацијата", на кратко гласот на Европскиот потрошувач за стандардизацијата. Создаден е од Европската Комисија и ЕФТА.Тие преку својата работа овозможуваат побезбедни производите. АНЕЦ овозможува техничка експертиза базирана на мрежа од повеќе од 170 представници на потрошувачите ширум Европа.

**http://www.anec.org/**

**Опенхере**

Сет на линкови кои се овозможени преку Openhere.com кои се насочени кон информирање за постоечките конфликти низ целиот свет. Овај линк ќе ве одведе до податоци кои се однесуваат на Балканот.

**http://www.openhere.com/life/issues/humanrights/europe/balkans/**

**Интернационален Мониторинг Инстутут**

"Основан во Лос Анѓелес, Интернационалниот Мониторинг Институт е независна, непрофитна организација која собира и каталогизира евиденции за злоупотреба. ИМИ ги нуди своите истражувачки служби на индивидуалци или организации кои бараат целосни, балансирани информации за злоупотреба на човековите права ."

**http://imisite.org**

**Центар на Европската Фондација(ЦЕФ)**

ЦЕФ е асоцијација на членки базирана на знаењето а посветена на јакнење на организираната филантропија, која се вгнездува и го подржува цивилното општество,во Европа и Интернационално. ЦЕФ помага во воспитувачките напори кон цел подржување на независност,објаснивост и подршка на основачите низ Нова Европа,особено кога ова фундаментално човеково право за асоцијација на приватниот капитал за јавна бенифиција за која треба помош.

**http://www.efc.be**

**Интернационален Институт за Стратегиски Студии (ИИСС)**

"Интернационалниот Институт за Стратегиски Студии (ИИСС), е основан ва 1958 година, тој е независен центар за истражување, и дебатирање за проблемите на конфликтот. Неговата

работа е базирана на задоволување на различни политички, економски и социјални проблеми кои може да водат до дестабилизација а истотака и како фактори кои може да водат да интернационална соработка.

**http://www.iiss.org**

**Портал на НВО**

Порталот на НВО е интерактивен ресурс за непрофитната заедница од Украина која овозможува интернет пристап на заедничкото знаење и експертизата акумулирана низ датите на Украинските Невладини Организации.

**www.civicua.org**

**Европски Волонтерски Центар (ЕВЦ)**

За да се собере и овозможи информација за развоите во ЕУ, за да се претстават потребите и грижите на членките на ЕВЦ во Европската Унија,и во нашите сопствени служби и полиси ,,за да се управува научното истражување, да се овозможи водство, да се охрабри работењето во мрежа помеѓу организациитеи да се олесни размената на добра пракса и иновација, Биенални Генерални Собранија, конференции, семинари, реботилници и состаноци, инфо флеш, ЕВЦ Вести, ЕВЦ Веб страна.

**http://www.cev.be**

## Главни Извори на човекови Права

**Интернационална Комисија за Правда**

Интернационалната Комисија за Правда е посветена на приматот и имплементацијата на меѓународните закони и принципи кои ги унапредуваат човековите права. Интернационалната Комисија за Правда нуди правна експертиза на интернационално и национално ниво со цел да осигура дека интернационалните закони за човекови права и интернационалните стандарди се имплементирани на национално ниво.

**www.icj.org**

**Проект ДИАНА**

Постојат три веб сајтови кои се однесуваат на ДИАНА Проектот:

Библиотеката за Човекови Права на Универзитеот во Менесота:

Библиотеката за Човекови Права на Универзитеот во Менесота содржи голем број на документи кои се однесуваат на човековите права како и веб линкови. Овај сајт е корисен со оглед на тоа сто мозете да ги најдете поважните документи за човекови права на едно место.

Јел Правната Школа:

Покрај другото овдека можете да најете голем број на документи за човековите права кои биле искористени при судските постапки во САД. Овие документи можете да ги данлодирате.

Библиотеката за Право Бора Ласкин на Универзитетот во Торонто:
Главната цел на овај дел од ДАЈАНА Проектот е колекција на њеб сајтови и документи кои се однесуваат на заштита на човековите права на жената.

**http://www.law.uc.edu/Diana/**

**Лоби на Европските Жени(ЛЕЖ)**

Лобито на Европските Жени (ЛЕЖ)е најдолгото координативно тело на национални и Европски невладини женски организации во Е вропската Унија,со преку 3000 асоцијативни членки во 15 држави членки на Европската Унија.Целта на ЛЕЖ е да достигне еднаквост на жените и мажите во Европа и да служи како линк помеѓу создавачите на политички решенија и женските организации на ниво на Европската Унија.

**http://www.womenlobby.org**

**Канадско – Американска Мрежа за Информирање и документација на Човековите Права**

Мрежата е оформена со цел да се разменуваат идеи и информации помеѓу организациите кои работат со човекови права; поставување на унифицирани стандарди за документација на човековите права; развој на заеднички проекти во областа на документирање и информирање за човековите права со цел да се избегне дуплирање на работата; тренинг за документирање на човековите права како и воспоставување на контакти и размена на искуства со слични мрежи од целиот свет.

**http://shr.aaas.org/cushrid/**

**Центар за Глобално Женско Лидерство**

Политичката и адвокатската програма ги вклучува напорите на Центарот за Глобално Жеанско Лидерство да го интегрираат полот и женските човекови права во работата во локални, национални, регионални, и интернационални институции. Оваа програма ги информира и ги мобилизира адвокатите за женските човекови права околу специфични настани и гради линкови помеѓу нив со цел да го здружи нивниот капацитет да влијаат во градењето на политиката.Центарот работи во соработка со жени лидерки и Невладини Организации од целиот свет, кои помогнале да се обезбеди интернационална политика на посветеност која јасно гласи “женските права се човекови права “.

**http://www.cwgl.rutgers.edu**

**Косовски Проект**

Во средината на Април 1999,Научната и Програмата за човекови права беа поканети да дизајнираат истражување на Косовските бегалци во Албанија со цел да се опише моделот и магнитудата на воените злосторства и фрапантното кршење на човековите права случени за време на последните осумнаесет месеци.Оваа страна ќе ви овозможи многу статистички и други информации.

**http://shr.aaas.org/kosovo/policyorpanic/**

**Центар за Хуманитарен Дијалог**

"Центарот за Хуманитарен Дијалог е интернационална организација регистрирана во согласност со Швајцарското Право и базирана во Женева. Тоа е независна и неутрална организација која работи на промоција на хуманитарниот дијалог. Го олеснува дијалогот помеѓу водечките хуманитарни актери,стејкхолдерс и примателите на помош со зголемување на разбирањето на акутните и идните хуманитарни проблеми. Исто така ги промовира напорите да се дизајнираат поефективни операционални приоди на хуманитарната подршка..

**http://www.hdcentre.org**

**ЕДР-Европа на Демократии и Разлики**

ЕДР групата е отворена за членки кои се потпишани во Европската Асоцијација на Монархиски Национални Држави и признаени од Декларацијата за Човекови Права на Обединетите Нации и парламентарната демократија.

ЕДР фаворизира креација на стабилна и демократска Европа на Националните Држави изградени на разликита и културата на нивните луѓе.Отворена е за луѓе
кои се критични за понатамошна Европска интеграција и централизација.

**http://www.europarl.eu.int**

**Европски Совет за Бегалци и Емигранти(ЕСБМ0)**

Европскиот Совет за Бегалци и Емигранти е организација заштитник за соработка помеѓу Европските НВОа кои се грижат за бегалци.

Во моментот ЕСБМ има 74 агенции членки во 29 земји.Основните активности вклучуваат:политика за развој и истражување,адвокатура,правна анализа, информативни сервиси за членките,работење во мрежа и способност за градење

Во Југо-Источна,Централна и Источна Европа

**http://www.ecre.org/**

**Европска Мрежа за Борба Против Расизмот (ЕМБПР)**

ЕМБПР е мрежа на Европски НВО-а која работи да го победи расизмот во сите земји членки на Европската Унија.Естаблишментот на ЕМБПР го одобрува признавањето од НВО-ата за Европската димензија на борбата против расизмот.Анти-расистичките НВО-а чувствуваат дека имаат многу да добијат од мрежа како форум за поделба на информации,и политики на влијание низ Европската Унија низ кампањи.

## Меѓуетнички Менаџмент на Конфликти

**http://www.enar-eu.org**

**Центар за Интернационален Развој и Конфликтен Менанџмент(ЦИРКМ)**

Центарот за Интернационален Развој и Конфликтен Менанџмент при Универзитетот од Мериленд е стратегиски лоциран во нексусот на теоријата и праксата, академски и активен,економски развој и цивилно општество, технологија и човечки потреби. Проектите на ЦИРКМ се посветени на идните нови и подобри разбирања во врска со динамиката на конфликтот и конфликтната резолуција.

**http://www.cidcm.umd.edu/**

**Интернационална Група за Кризи (ИГК)**

Со започнувањето на работата во Босна во Февруари 1996, ИГК изгради звучни записи на Балканот, кои се видени како независен глас и извор на влијателни нови политички идеи. Нашите извешта за Македонија се во подолу во листата, започнувајќи од најновите. Исто така може да барате релевантни извештаи користејќи ја истражувачката кутија во горниот лев агол на страната.

**http://www.crisisweb.org/home/index.cfm?id=1244&l=1**

**ИНКОР Статистичка Служба за Конфликти**

“Овој водич овозможува информација за интернет ресурсите и за конфликти и етнички спецификации на одредени земји и региони. ”Страната содржи мапа со икони за земјите кои се во овој момент во конфликт кои ве водат директно кон информација водена од различни информативни ресурси до оние специфични проблематични области.

**http://www.incore.ulst.ac.uk/cds/countries/index.html**

**Здружение за Истражување на Конфликти**

Здружението за истражување на конфликти официјално е оформено во 1963 година на Универзитетот во Лондон. Тоа е првата академска група која е

фокусирана на конфликти и му претходи на Бретфорд школото за Мирнодопски Студии. ЗИК го насочува своето истражување кон процесот, методите и ефективноста на конфликтите и потенцијалот за соработка и решавање на конфликтите. Ги исполнува своите цели преку: Публикување на весник, Организирање на Конференции, Овозможување на размена на идеи и информации, Одобрување на Грантови за промовирање на целите на општеството, Соработка со цел промовирање на целите на општеството.

## Грантови

**www.conflictresearchsociety.org.uk**

**Западен Балкан : нов КАРДС буџет**

Европската Комисија адаптираше нова стратегија за проблематичното Балканско прашање на 22 ри Октомври 2001. Оваа КАРДС Регионална Стратешка Хартија нуди буџет вреден 197 милиони евра за идните три години. Сратегијата цели кон подобра кооперација помеѓу различните региони од оваа област, особено Западен Балкан. Ги опфаќа :Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија и Поранешна Југословенска Република Македонија.

**http://www.welcomeurope.com**

**Национална Донација за Демократија**

НДД- овиот фокус во Централна и Источна Европа беше примарно на земјите од Балканот, каде со нестабилноста, меѓуетничката тензија и неправилниот економски развој НДД ја продолжи подршката на програмите за да го зајакне невладиниот сектор во Балканските земји, како Албанија и Македонија, каде цивилното општество е слабо и има сериозна потреба за развој на независните медиуми,пресметливоста на избраните официјални лица, зголемената транспарентност во политичкиот процес и промоцијата на економските реформи и правата на работникот.

**http://www.ned.org**

**Швајцарска Агенција за Развој и Соработка (ШАРС)**

Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (ШАРС) е Швајцарска Интернационална Агенција за Соработка во рамките на Швајцарското Министерство за Надворешни Работи. Заедно со другите федерални канцеларии, ШАРС е одговорен за целата соработка на развојните активности и соработката со Источна Европа, исто како и хуманитарна помош. Агенцијата презема директни акции, подржувајќи ги програмите на мултилатералните организации.

http://www.deza.admin.ch

**Група Барентс на КПМГ Консалтинг**

Центарот ја најави втората рунда на натпревари за грант за Regional Think Tanks Partnership Program.Објективот на оваа програма е да го здружи и зајакне капацитетот на Руската и Источно-Централната Европска економија think tanks низ професионална колаборација, здружена политика на студии, и подалечни активности. Фондот за програмата е овозможен од USAID како дел од Агенцијата за подршка на пос-комунистичката економска транзиција, развој на цивилното општество, и способноста за градење во Русија и Источна Европа.

**http://www.ttpp.info/files/manual.pdf**

**Дејвид и Лусил Пакард Фондација**

Дејвид и Лусил Пакард Фондацијата работи на осигурабање на можноста сите деца да го достигнат својот потенцијал, да се заштитат репродуктивните права и да се стабилизира светската популација, да се зачуваат и повратат Земјините природни системи, и да се охрабри креативната насока на науката. Ние работиме да ја достигнеме нашата мисија низ подршка на програмите во селектираните подрачја, низ подршка за Спацијалните Можности и Капацитетот за Градење кој е флексибилен и одговорен кон институционалните потреби на организациите, и низ означена подршка во Локалните Области од историско значење за семејството Пакард.

**http://www.packard.org/index.cgi?page=program**

**Фондација за Јавна Благосостојба**

Фондацијата за Јавна Благосостојба ги подржува организациите кои ги адресираат човечките потреби во ненапредните заедници, со силнен акцент на организациите кои вклучуваат сервиси, адвокатура и подобрување во нивниот приод: сервиси кои се грижат за специфични проблеми ; адвокатура која ги адресира тие проблеми по системски пат низ можности во јавната политика;и стратегиите за зајакнување на луѓето во потребата да ги имаат главните улоги во достигањето на овие политички промени и во справувањето со специфичните проблеми. Ние исто така бараме организации кои ги поврзуваат нивната заедница и локалната работа кон другите напори за да се дојде до ефект на јавно пренесување на политичките промени

**http://www.publicwelfare.org/news/news/fund_2004.asp**

**ДОЕН Фондација**

Фондот на ДОЕН Фондацијата се стреми да го направи светот подобро место за живеење. За оваа цел овозможува фондови за организации и проекти во областа на Развојна Соработка и

Човекови Права, Природа и Животна Средина, Спорт и Благосостојба и Култура. ДОЕН Фондацијата го достигнува својот објектив низ извештаи кои ги добива од Гемански Поштенска Лотарија и од Спонзорираната Лотарија

**http://www.doen.nl**

Се надеваме дека ова осумнаесетто издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

The Royal Norwegian Foreign Ministry

Swedish International Development Cooperation Agency

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани